Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување на неопределено време бр.917/2025, Предлогот за вработување на кандидати бр. 10-2029/13 од 19.12.2025 г , член 30 и 31 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје, Директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје донесува:

ЈЗУ-УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА
ISHP-KLINIKA UNIVERSITARE
E KIRURGJISË DIGJESTIVE
Бр.-Nr. 04-393/21
22.12 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

ОДЛУКА

за избор на кандидат за вработување по Јавен оглас 917/2025

1.За извршител за работното место Помлад референт-администратор (болничко лекување) со шифра на работно место ЗДР0102Г04001 во Сектор за административно-правни работи се избира кандидатот Елена Крстевска со идентификациски код 891А829.

2.Именуваниот кандидат од точка 1) од одлуката, ќе заснова работен однос на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје по конечноста на одлуката.

3.Одлуката стапува на сила со денот на објавувањето на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Образложение

Согласно барањето на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје за објавување на јавен оглас за вработување на неопределено време за еден (1) извршител за работно место - Помлад референт-администратор (болничко лекување) со шифра на работно место ЗДР0102Г04001, Агенцијата за администрација го објави јавниот оглас во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха на 31.07.2025 како и на интернет страната на Агенцијата за администрација.

Со Решение бр.10-2029/9 од 19.11.2025 се формираше комисија за селекција за вработување по јавен оглас 917/2025 и се пристапи кон спроведување на постапката за вработување.

Се започна со административна селекција на кандидати на ден 28.11.2025 во 14 часот и истата заврши истиот ден во 15 : 26 часот, за што се изготви Записник од извршената административна селекција бр. 10-2029/10 од 28.11.2025 г. Испитот за административен службеник беше спроведен на 12.12.2025 г, за што се изготви Записник од спроведениот испит бр.10-2029/11 од 12.12.2025 и следно на ден 18.12.2025 год беше извршена проверка на веродостојноста на документација-докази и интервју со кандидати за што е изготвен Записник бр.10-2029/ 12 од 18.12.2025.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција од страна на Агенцијата за администрација до работодавачот ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје, беше доставен Предлог за вработување на кандидати по јавниот оглас со конечна ранг-листа бр.10-2029/13 од 19.12.2025 г и согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

-архива
-именуваниот
-одд.за човечки ресурси
-Агенција за администрација

Директор

Проф.д-р.Огнен Костовски

ЈЗУ-УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА
ISHP-KLINIKA UNIVERSITARE E KIRURGJISË DIGJESTIVE
I
SKOPJE * SHKUP